**Работна средба со Зелена Парламентарна Група**
**10 април 2023**

## 1) Климатска акција

Во 2019 започна процесот на изработка на Стратегија и закон за климатска акција. Процесот се одвиваше транспарентно и со вклученост на сите засегнати страни. Во раните фази на изработката беше формиран Управувачки комитет во кој имаше членови од сите релевантни министерства и два претставника од граѓанскиот сектор. Долгорочната стратегија и акциски план беа усвоени во август 2021, додека нацрт законот за климатска акција, поради обемното и комплексно ЕУ законодавство за клима, во моментов е во завршни фази на адресирање на коментарите по истек на законскиот рок за доставување на коментарите. Законот е значаен затоа што:

- за прв пат се воспоставува механизам за следење и известување за емисиите на стакленички гасови по извори и отстранувањето преку апсорбенти на територијата на Република Северна Македонија. Оваа правна рамка е добра и обезбедува транспарентност во следењето на емисиите на стакленички гасови од сите овие сектори но **побарува зголемени административни капацитети на надлежните институции и општините**. Изработена е нова систематизација на работните места на институциите од јавниот сектор (МИОА) која сеуште не е објавена и која треба да одговори на ова побарување на законот. Потребно е обучување на луѓе вработени во општините кои ќе треба да прибираат информации и да ги известуваат кон МЖСПП.
- се основа Национален координативен совет за климатска акција како механизам преку кој ќе се обезбеди давање насоки, мислење и препораки за севкупните климатски акции кои се преземаат на национално ниво. **Ова тело треба да ги координира напорите и за митигација и за адаптација.**
- се воспоставува механизмот надоместок за јаглерод кој ќе треба да го плаќаат сите сектори кои емитуваат јаглерод на државата со цел поттикнување на намалување на емисиите од јаглерод како доминантен удел во емисиите на стакленички гасови на државата. Треба да се изработи **методологија за утврдување на висината** на надоместокот, да се **доуредат дозволите за емисии** на стакленички гасови и да се уреди **каде ќе се уплаќаат приходите** од овој надоместок со цел да се обезбеди транспарентност.

* во емисии на стакленички гасови спаѓаат емисиите од енергетскиот сектор, индустриски процеси и користење на производи, земјоделство, отпад и шумарство и искористување на земјиштето.

## 2) Фонд за животна средина

Со нацрт законот за климатска акција се предвидува средствата од надоместокот за јаглерод да се уплаќаат на посебна програма на министерството за животна средина. Со цел да се обезбеди најтранспарентно трошење на овие финансии согласно точките предвидени во нацрт законот за климатска акција потребно е формирање на фонд за животна средина. Дополнително ДЗР укажува на потребата средствата собрани по основ еколошка такса во централниот буџет наменски да се трошат за заштита на животната средина. Фондот за жс како стручна и компетентна институција би овозможил реализација на препораката од ДЗР.

Во табелата подолу се претставени надоместоците што согласно наведените закони се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија. Надоместокот за заштита на животната средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти се влева директно во Министерството за животна средина; надоместоците за фосилни горива се приход на општините во кои се лоцирани капацитети кои согоруваат фосилни горива за производство на енергија, а надоместоците за заштита на природата за влез и посета на заштитено подрачје се приходи на јавните установи кои управуваат со Националните паркови. Другите надоместоци се приходи на Буџетот на Република Северна Македонија и се користат за извршување на расходната страна на буџетот. Дел од нив, како приходите од концесискиот надоместок за вода се делат (50:50) помеѓу државата и општините.

**Приливи во буџетот на Република Северна Македонија по основ на надоместоци за заштита на животната средина во 2012 и 2018 година (во денари)**

| Уплатна сметка | Вид на надоместок | Приливи 2012 | Приливи 2018 | Приливи 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 840-06595 | Надоместок за заштита на животната средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово (Закон за животна средина, чл.179) | 161.327.695 | 65.950.911 | 119.862.987 |
| 840-06602 | Надоместок за заштита на животната средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата | 307.204 | 0 | 207.702 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 840-06618 | Надоместок за заштита на животната средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка (Закон за животна средина, чл.179) | 745.395 | 985.513 | 0 |
| 840-06623 | Надоместок за заштита на животната средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти | 73.544.881 | 0 | 130 |
| 840-06639 | Надоместок за заштита на животната средина при сеча на дрва | 606.295 | 0 | 0 |
| 840-06644 | Надоместок за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад | 0 | 0 | 0 |
| 840-06665 | Надоместок за заштита на животната средина при производство или увоз на тутунски производи (акцизна давачка од 2013 година) | 203.633.785 | 0 | 0 |
| 840-06670 | Надоместок за заштита на животната средина при производство или увоз на нафтени деривати | 7.210.361 | 6.037 | 8.956 |
| 840-06686 | Надоместок за заштита на животната средина за пластични производи и амбалажа од пластични маси | 4.526.508 | 266.468 | 2.303.496 |
| 840-06714 | Надомест за заштита на природата за влез и посета на заштитено подрачје | 0 | 0 | 0 |
| 840-06735 | Надомест за заштита на природата за паркирање во заштитено подрачје | 0 | 0 | 0 |
| 840-06740 | Надомест за заштита на природата за посета на посебни објекти во заштитеното подрачје | 0 | 0 | 0 |
| 840-06756 | Надомест за заштита на природата за отстрел на диви видови животни и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови | 0 | 0 | 0 |
| 840-06761 | Надомест за заштита на природата за престој во заштитено подрачје | 0 | 0 | 0 |

Седиште и тренинг центар: ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје
канцеларија: ул. Никола Кљусев 14, 1000 Скопје
тел: 02 3217 247 | www.ekosvest.com.mk | email: contact@ekosvest.com.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 840-06777 | Средства за заштита на природата стекнати со вршење на активности во зона на активно управување | 0 | 0 | 0 |
| 840-07197 | Надоместок за користење на води | 69.184.199 | 48.514.653 | 113.871.856 |
| 840-07204 | Надоместок за испуштање на води | 1.198.986 | 1.277.225 | 3.180.566 |
| 840-07225 | Надоместок за вадење на песок, чакал и камен | 2.476.689 | 1.007.347 | 2.686.592 |
| 840-07384 | Надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори | 480.265 | 2.100 | 1.250 |
| 840-07379 | Надомест за управување со отпад од пакување и кеси за транспорт на стоки | 2.055.589 | 324.053 | 655.213 |
| 840-05402 | Глоби за заштита од бучава | 0 | 0 | 650 |
| 840-05262 | Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за животна средина и просторно планирање | / | 523.402 | 8.412.636 |
| 840-05220 | Глоба за сторени прекршоци кои произлегуваат од Законот за управување со отпад (комунални прекршоци) | / | 2.247.406 | 6.028.017 |
| 840-07519 | Надоместок за управување со отпадна опрема | / | 37.350 | 3.400 |
| 840-07480 | Надомест за концесии за користење на вода за производство на електрична енергија | / | 1.262.804 | 11.551.161 |
| 840-07496 | Надомест за концесии за користење на вода за производство на ел. енергија кој е приход на ЕЛС | / | / | / |
| 840-06873 | Надоместоци за фосилни горива | 37.000.000 | 48.539.775 | 20.865.817 |
| | **ВКУПНО** | **564.297.852** | **170.945.044** | **289.640.429** |

Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

*Контакт за повеќе информации:*

*Елена Николовска, програмски координатор за клима во Еко-свест*
*elena@ekosvest.com.mk, +38970205431*